ОПШТИНА ВИНИЦА / БРОЈ 1

# БИЗНИС ИНФОРМАТОР

Јули, **2023** година

**+389 33 361 945**
**www.vinica.gov.mk**
**ovinica@t.mk**

## ТЕКОВНА СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ

Формиран е Совет за женско претприемништво за микрогеионот Кочани, Виница и Зрновци, чија што цел е да се создава можности за финансиска поддршка на жените претприемачи и да креира стимулативни програми за започнување нови бизниси за жените и нивно вмрежување и промоција на пазари.

Советот е составен од 13 членови.

Претседател е Ирена Мирчовска која е и локален координатор на Националната платформа за женско претприемништво за Источниот регион.

## АКТУЕЛНО

ОБЈАВЕН Е ПРВИОТ ПОВИК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ПРОЕКТНИ КОНЦЕПТИ рамките Територијалната стратегија на програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија - Северна Македонија 2021 – 2027

Аплицирањето е со проектни концепти кои придонесуваат за постигнување на Специфичната цел 1.2 Развој на атрактивен и целогодишен туристички производ преку интелегентни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество на Територијалната стратегија. Специфичната цел 1.2 се заснова на следните туристички области на интервенција:

- Мобилност и поврзување, вкл.алтернативна мобилност
- Брендрирање и маркетинг на туристички производи во прекуграничниот регион
- Зголемување на вработеноста во туристичкиот сектор и зајакнување на врските меѓу туризмот и природно – културните локалитети
- Активности за намалување на ранливоста на услугите во туристичкиот сектор

Кратка информација за поканата и целосниот пакет документи за аплицирање се наоѓа на следните страници:

www.ipa-cbc-007.eu
www.mrrb.government.bg
www.eufunds.bg
http://mls.gov.mk

Крајниот рок за поднесување концепти преку Jems платформата е 24 Јули 2023 година

Повеќе информации :
jtsipakyustendil@gmail.com
Главна канцеларија во Ќустендил: телефон +359 (0) 78 58 01 01
Подружница во Струмица: телефон + 389 (0)34 330 331

Тековни повици:

https://www.economy.gov.mk/mk-MK/news/povik-za-aplikacii-za--nacionalna-nagrada-vo-2023-godina---za-najdobri-opstestveno-odgovorni-praktiki-realizirani-vo-periodot-od--januari-2022-godina-do-juni-2023-godina.nspx

https://www.economy.gov.mk/mk-MK/news/javen-povik-za-kofinansirane-na-proekti-za-razvoj-i-promocija-na-pretpriemnistvoto-i-zanaetcistvoto-kako-i-programski-aktivnosti-na-mrezite-na-biznis-angeli.nspx

# КЛУЧЕН НАСТАН ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИПАРД 3 ПРОГРАМАТА ВО ОПШТИНА ВИНИЦА

Изминатиот период во општина Виница беше презентирана новата ИПАРД 3 програма која е поразлична од ИПАРД 2 по неколку основи

Покрај 4 те веќе акредитирани мерки од ИПРАД 2, сега ќе се акредитираат долопнителни 4 мерки и тоа :

Мерка 1 . Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства ( инвестиции во изградба на фарми, набавка на трактори и земјоделска механизација, инвестиции во преработка на сопствено земјоделско производство , подигање на нови насади и сл.)

Мерка 3 . Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг за земјодески производи ( изградба на преработувачки капацитети, млекари, мелнички капацитети, производство на месни производи , винарии, преработка на овошје и зеленчук , опремување со машини и сл.

Мерка 7 : Диверзификација на фарми и развој на бизниси во рурални средини

# УСПЕШНА ПРИКАЗНА ЗА СОРАБОТКА СО БИЗНИС СЕКТОРОТ

Во рамките на програмата на Проектот на УСАИД за "Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите" во која како партнер општина е и општина Виница заедно со уште 12 други општини од државата се оддржа последната работилница за изработка на плановите за ЛЕР. Во рамките на работилницата беше посетена Академијата Прогресив каде што присутните имаа можност да ја слушнат успешната приказна на една од најголемите кондиторски компании Макпроегрес–Виница.

Г-дин Глигор Цветанов на средбата ја истакна соработката помеѓу локалната заедница и компаниите од приватнито сектор, како и укажување на потребата од негување на успешна понатамошна соработка помеѓу истите.

Со цел јакнење на производните капацитети, поддршка и развој на семејни,мали, средни и големи компании, од страна на Директорот на Прогресив Академија, Г-ѓа Александра Кирилова беше претставена и уникатната едукативна програма за претприемништво и менаџмент за извршни директори во склоп на Фондација Прогресив Академија. Програмата е верифицирана од страна на МОН и ЦОВ и истата е наменета да им служи на сите компании во регионот и пошироко во рамки на нашата држава, со цел да се поддржат компаниите да водат успешни бизниси.

Со цел јакнење на компаниите, креирање и регрутирање на кадри присутните имаа можност од претставниците на компанијата Макпрогрес да се информираат како се мобилизираат финасиски ресурси и како подобро да соработува општината со приватниот сектор.

### ШТО Е СЛЕДНО ?

Презентација на нацрт верзија на План за локален економски развој на општина Виница за периодот 2023-2026

# ОБРАСЦИ НА УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИС СЕКТОРОТ

На веб страна на општина Виница достапна е платформата за дигитализација на општинските услуги во источно планскиот регион.

Барањата веќе може да се поднесуваат електронски а се однесуваат на физичките и правните лица и истите се достапни на следиот линк : https://eservices.eastregion.mk/

На листата се наоѓаат преку 15 услуги кои што општината ги испорачува кон граѓаните и бизнис секторот во општина Виница.

Обрасците исто така се достапни и во архивата на општина Виница.